**20182294231**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.196/17 и 207/18), член 7 став (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15 и 39/16), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.12.2018 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2018 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/18, 62/18, 100/18, 127/18, 139/18, 150/18, 160/18, 172/18 и 188/18) во делот I во табелата по мерката 7-а се додава нова мерка 7-б која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 7-б. | Помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2018 година | 15.000 |

“

По мерката 8-а се додава нова мерка 8-б која гласи:

“

| | | |
|---|---|---|
| 8-б. | Дополнителна помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2018 година | 29.600 |

“

Во мерката 11 износот „4.562.492.000“ се заменува со износот „4.562.447.400“.

II

По делот VIII-а се додава нов дел VIII-б кој гласи:

„VIII-б

Средствата од дел I мерка 7-б на оваа програма во износ од 15.000 денари се наменети за помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани настанати во 2018 година согласно член 99 од Законот за земјоделство и рурален развој, во висина од 20% од утврдената загуба на приходи од продажба на земјоделски растенија и животни на земјоделски имот и штети на стакленици и пластеници.“

III

По делот IX-а се додава нов дел IX-б кој гласи:

„IX-б

Средствата од дел I мерка 8-б на оваа програма во износ од 29.600 денари се наменети за дополнителна помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2018 година, согласно член 99-б од Законот за земјоделство и рурален развој врз основа на Одлуката за дополнителна помош за настанати загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани.“

IV

Во делот XV во табелата по мерката 7-а се додава нова мерка 7-б која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 7-б. | / | декември 2018 |

“

По мерката 8-а се додава нова мерка 8-б која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 8-б. | / | декември 2018 |

“

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ .

Бр. 44-10672/1
11 декември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.